V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 51

Со денот на влегување во сила на овој Тарифен систем, престанува да важи Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија" бр.151/09).

Член 52

Овој Тарифен систем влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01–1265/1
11 јули 2013 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

---

# ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2382.**

Врз основа на член 50 став 2 од Законот за архивски материјал („Службен вес¬ник на Република Македонија" бр.95/12), директорот на Државниот архив на Република Македонија, донесе

## УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ СО ПОДОЛГИ РОКОВИ НА КОРИСТЕЊЕ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на одбележување на документите со подолги рокови на користење кај имателите при предавањето на материјалот на Државниот архив на Република Македонија.

Член 2

Одбележувањето на документите со подолги рокови на користење се врши на хартиената кошулка од документот/предметот на кој се забележува кратката содржина на документот, во горниот десен агол се втиснува и пополнува штембил со ознака – "Подолг рок за користење" ("ПРК"), кој е даден во Прилог бр.1 на ова упатство и е негов составен дел.

Член 3

Штембилот „Подолг рок за користење" ги содржи следните елементи:

- кратенка "ПРК" која стои во горниот ред,
- членот од Законот за архивски материјал врз основа на кој се утврдува подолг рок на користење на документот,
- датумот кога документот/записот или предметот ќе стане достапен за користење, и
- потпис на службеното лице што го извршило одбележувањето.

Член 4

Одбележувањето на документите со подолги рокови за користење кај имателите се врши:

- за време на изготвувањето на документот и неговото официјализирање (потпис и печат),
- за време на одбирањето на архивскиот од документарниот материјал и одлагањето во писарницата,
- за време на евидентирањето на архивскиот материјал, кога во рубри-ката "Забелешка" од Пописот и описот се запишува кратенката "ПРК" и годината и датумот кога материјалот станува достапен за користење,
- за време на комисиско одбирање и евидентирање на архивскиот материјал,
- за време на подготовката за предавање на јавен архивски материјал на Државниот архив, односно предавање на приватен архивски и документарен материјал на документарен центар.

Член 5

Документите со подолги рокови на користење се одбележуваат со втиснување и пополнување на штембил со ознака "ПРК" кој е даден во Прилог бр.2 на ова упатство и е негов составен дел.

Штембилот од став 1 на овој член ја содржи кратенката "ПРК" и датумот кога документот станува достапен за користење.

Член 6

При предавањето на архивскиот материјал на Државниот архив на Република Македонија ако се утврди дека документите со подолги рокови за користење не се во согласност со роковите пропишани со Законот за архивски материјал се укажува на имателот истите да ги корегира и усогласи со одредбите на Законот, по што од страна на имателот повторно се одбележуваат, а доколку се утврди дека за некои документи не се одредени подолги рокови за користење, за тоа се известува имателот, кој дополнително ги одредува и одбележува подолгите рокови за користење.

Член 7

Одбележувањето на документите со подолги рокови за користење во Државниот архив на Република Македонија се врши:

- за време на дополнителното одбирање и средување на архивскиот материјал,
- за време на изготвувањето на научно-информативните средства: сумарен и аналитички инвентар или регест, со запишување на кратенката „ПРК" и датумот кога документот станува достапен за користење.

Член 8

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-1651/1
9 јули 2013 година
Скопје

Државен архив
Република Македонија
Директор,
д-р **Зоран Тодоровски,** с.р.

Прилог бр. 1

**ШТЕМБИЛ ПОДОЛГ РОК НА КОРИСТЕЊЕ**

ПРК

член _______ од Законот за архивскиот материјал

ДОСТАПЕН ________________ година

Потпис ______________________

(формат 20 мм x 55 мм)

Прилог бр. 2

**Штембил ПРК**

ПРК_______год.

(формат 10 мм x 30 мм)